ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
ВПП2.15/24
30.04.2024
Велес

# О Г Л А С

Пред Основен суд Велес во тек е постапка по предлог за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување против должникот Зоре Арсовски од Велес, со адреса на живеење ул.Лазо Трпковски бр.9.

Бидејќи должникот според добиеното известување од МВР БЈБ СВР Велес ПС ОН Велес рег.бр.23.23.5.1-69-363/2 од 12.04.2024 година, и примено во овој суд на ден 12.04.2024 година, го извести судот дека била извршена проверка за живеалиштето на противникот на адреса улица Лазо Трпковски бр.9, при што од извршената оперативна проверка на терен имале сознание дека истиот е надвор од територијата на РСМ, во Германија,на за нив непозната адреса и во нивната евиденција ја немал одјавено адресата на живеење и лицето не било достапно на органите на прогон, па судот се обрати до Центарот за социјална работа-Велес поради одредување на старател во посебен случај, а ЦСР - Велес до овој суд достави решение за старател во посебен случај бр.1002-418 од 22.04.2024 година, а примено во овој суд на ден 26.04.2024 година, со кое на должникот му е одреден старател во посебен случај и тоа Зорица Босилкова вработена во ЈУМ ЦСР Велес.

Привремениот застапник ќе го застапува противникот во постапката се додека тој или нејзиниот полномошник не се појави пред судот.

Судија
Лорета Тодорова